**Известување за концентрација со која АУТО-АС ДОО-СКОПЈЕ, ќе стекне контрола над ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ “МАКЕДОНИЈА“ АД, СКОПЈЕ (предмет бр. 08-176/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 04.12.2025 година, а дополнето на 17.12.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која АУТО-АС ДОО-СКОПЈЕ, ул. Востаничка 61/17, Скопје ќе стекне контрола над ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ “МАКЕДОНИЈА“ АД, СКОПЈЕ, ул.Дрезденска Скопје, по пат на купување на акции.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

АУТО-АС ДОО-СКОПЈЕ е со дејност трговија на големо со делови и прибор за моторни воозила.

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ “МАКЕДОНИЈА“ АД, СКОПЈЕ, е со предмет на работа – инженерски дејности и поврзано техничко советување.

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ “МАКЕДОНИЈА“ АД, СКОПЈЕ има поврзани лица и тоа:

-Фабрика Карпош АД Скопје кое е специјализирано за современи монтажни системи и за брза и сигурна изградба.

- ГИМ енергетика ДОО Скопје која врши производство и продажба на електрична енергија од обновливи извори.

ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ “МАКЕДОНИЈА“ АД, СКОПЈЕ поседува 100% од уделот во Приватна научна установа Институт за истражување во животната средина градежништво и енергетика.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

30.12.2025 година
Скопје